# ANALYSIS OF THE TRADE RELATIONS BETWEEN THE REPUBLIC OF NORTN MACEDONIA AND THE REPUBLIC OF SERBIA

**Emilija Miteva-Kacarski**
"Goce Delcev" University-Stip, Republic of North Macedonia emilija.miteva@ugd.edu.mk
**Kostadinka Panova**
"Goce Delcev" University-Stip, Republic of North Macedonia kostadinka.cabuleva@ugd.edu.mk
**Vesna Georgieva Svrtinov**
"Goce Delcev" University-Stip, Republic of North Macedonia vesna.svrtinov@ugd.edu.mk

**Abstract:** The Republic of Serbia is one of the most important trade partners of the Republic of North Macedonia. Taking into account this fact, in this paper it has been made an analysis of the value, dynamics and structure of the foreign trade between the Republic of North Macedonia and the Republic of Serbia for the time period of 2009-2019. It has been also analyzed the competitiveness of Macedonian products at the Serbian market so that the product categories with a comparative advantage can be determined, using the Standard International Trade Classification and the Balassa Index. The results of the analysis point to the fact the Republic of Macedonia has a comparative advantage in the export of crude materials, except fuels and in the export of mineral fuels, lubricants and related materials, which is confirmed by the increased export of oil seeds and electricity.
**Keywords:** The Republic of North Macedonia, the Republic of Serbia, foreign trade, comparative advantage, Balassa Index.

# АНАЛИЗА НА ТРГОВСКИТЕ РЕЛАЦИИ МЕЃУ РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И РЕПУБЛИКА СРБИЈА

**Емилија Митева-Кацарски**
Универзитет "Гоце Делчев" Штип, Република С. Македонија, emilija.miteva@ugd.edu.mk
**Костадинка Панова**
Универзитет "Гоце Делчев" Штип, Република С. Македонија, kostadinka.cabuleva@ugd.edu.mk
**Весна Георгиева Свртинов**
Универзитет "Гоце Делчев" Штип, Република С.Македонија, vesna.svrtinov@ugd.edu.mk

**Резиме:** Република Србија е еден од најзначајните надворешнотрговски партнери на Република Северна Македонија. Имајќи го предвид тој факт, во овој труд е направена анализа на вредноста, динамиката и структурата на надворешнотрговската размена меѓу Република Северна Македонија и Република Србија за временскиот период 2009-2019 година. Анализирана е и конкурентноста на македонските производи на српскиот пазар заради утврдување на категориите на производи со компаративна предност преку користење на Балаша индексот и Стандардната меѓународна трговска класификација. Резултатите од анализата укажуваат на фактот дека Република Северна Македонија поседува компаративна предност во извозот на категориите суровини кои не се храна, освен гориво како и во категоријата минерални горива, мазива и сродни материјали, што се потврдува преку зголемениот извоз на маслодајно семе и електрична енергија.
**Клучни зборови**: Република Северна Македонија, Република Србија, надворешнотрговска размена, компаративна предност, Балаша индекс.

## 1. ВОВЕД

Србија е нашиот најголем економски партнер на Балканот т.е. четврти наш најголем партнер во вкупната трговска размена по Германија, Велика Британија и Грција. Причината за тоа лежи во компатибилноста на двете економии како и добрата инфраструктурна поврзаност. Надворешнотрговската размена меѓу Република Северна Македонија и Република Србија се одвива согласно Договорот за изменување и пристапување кон Централно-европскиот договор за слободна трговија (ЦЕФТА), сл.весник (69/2007), ратификуван од земјите потписнички на договорот (Република Хрватска, Република Албанија, Република Србија, УНМНИК/Косово, Република Црна Гора, Република Македонија и Босна и Херцеговина, и Молдавија). Постои голем потенцијал за продлабочување на соработката особено во делот на иновациите, новите технологии, улсугите и полесен пристап на македонски и српски компании на трети пазар со цел да

се постигне нивото на размената од 2008 година кога беа реализирани 1,5 милијарди долари што е идентично на обемот на вкупната размена што нашата земја ја има со сите држави од регионот заедно.

## 2. ТРГОВСКАТА РАЗМЕНА МЕЃУ РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И РЕПУБЛИКА СРБИЈА

Трговската размена меѓу Република Северна Македонија и Република Србија, за временскиот период 2006-2018 година е прикажана на графикон 1:

***Графикон 1. Трговската размена меѓу Република Северна Македонија и Република Србија, 2006-2018 година***




Извор: http://makstat.stat.gov.mk:1966/Nadvtrg_mk

Како што може да се забележи од графиконот, надворешно-трговската размена на Македонија со Србија во почеток генерално ја следи динамиката на пораст на вкупната надворешно-трговска размена на Македонија со светот. Најголем обем на надворешнотрговска размена е регистриран во 2008 година, но после светската економска и финансиска криза истиот се намалува. Но, набљудувано во релативни големини, учеството на размената со Србија во вкупната размена на Македонија со светот од 13,5% во 2008 година, секоја година постепено се намалува и во 2018 година е 5,6%.

Наворешнотрговската размена меѓу Република Северна Македонија и Република Србија за временскиот период 2009-2019 година е презентирана во табела 1:

***Табела 1. Трговската размена меѓу Република Северна Македонија и Република Србија***

| | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Извоз | 337 811 431 | 271 817 297 | 337 476 624 | 298 144 850 | 271 333 474 | 259 833 713 |
| Увоз | 397 993 060 | 419 442 749 | 498 156 685 | 482 724 993 | 522 790 899 | 599 012 296 |
| Вкупно | 735804491 | 691260046 | 835633309 | 780869843 | 794124373 | 858846009 |
| Суфицит/Дефицит | -60181629 | -147625452 | -160680061 | -184580143 | -251457425 | -339178583 |
| Покриеност на увозот со извоз | 84.87 | 64.80 | 67.74 | 61.76 | 51.90 | 43.37 |

| | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Извоз | 205 584 488 | 214 955 968 | 249 136 878 | 277 164 341 | 277 663 312 | |
| Увоз | 493 827 472 | 515 763 229 | 554 101 391 | 612 376 631 | 678 164 217 | |
| Вкупно | 699411960 | 730719197 | 803238269 | 889540972 | 955827529 | |
| Суфицит/Дефицит | -288242984 | -300807261 | -304964513 | -335212290 | -400500905 | |
| Покриеност на увозот со извоз | 41.63 | 41.67 | 44.96 | 45.26 | 40.94 | |

Извор: State statistical office of the Republic of Macedonia, Commodity international exchange of the Republic of Macedonia [Online]. Available from:
http://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__NadvoresnaTrgovija__Indikatori/130_TIC_ml.px/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5ef

Анализата на надворешно трговската размена меѓу двете земји, укажува на константен трговски дефицит на македонска страна. Сепак, охрабрува фактот што постои тренд на зголемување на извозот, кој во 2019 година изнесува 277,6 милиони американски долари.

Согласно Стандардната меѓународна трговска класификација –ревизија 4, извозот од Република Северна Македонија во Република Србија во апсолутни износи, е прикажан во табела 2:

***Табела 2. Извоз од Република Северна Македонија во Република Србија според СМТК (во илјади долари)***

| **Производи** | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Храна и живи животни | 74684 | 75980 | 88013 | 82171 | 76289 | 65954 |
| Пијалаци и тутун | 32080 | 33178 | 35602 | 28121 | 29488 | 29351 |
| Суровини (кои не се храна) освен гориво | 4263 | 5460 | 8535 | 6220 | 7538 | 7078 |
| Минерални горива, мазива и сродни производи | 48689 | 6968 | 27606 | 13795 | 7302 | 10085 |
| Животински растителни масла, масти и восоци | 877 | 160 | 729 | 745 | 349 | 2347 |
| Хемиски и сродни производи | 44893 | 30641 | 34223 | 36145 | 33763 | 30698 |
| Производи класирани според материјалот | 97410 | 97939 | 116753 | 111578 | 97523 | 89324 |
| Машини и транспортни уреди | 21837 | 13184 | 16565 | 9528 | 10773 | 10536 |
| Разни готови производи | 13035 | 8270 | 9383 | 9771 | 7994 | 14027 |
| Стоки и трансакции некласирани на друго место во СМТК | 44 | 37 | 64 | 67 | 311 | 433 |
| **Производи** | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | |
| Храна и живи животни | 55 620 | 48 433 | 49 235 | 54 342 | 56 784 | |
| Пијалаци и тутун | 19 884 | 21 974 | 21 355 | 24 853 | 17 694 | |
| Суровини (кои не се храна) освен гориво | 5 759 | 5 012 | 6 148 | 5 628 | 5 479 | |
| Минерални горива, мазива и сродни производи | 7 330 | 7 677 | 25 799 | 18 497 | 31 624 | |
| Животински растителни масла, масти и восоци | 7 257 | 9 417 | 128 | 442 | 236 | |
| Хемиски и сродни производи | 27 939 | 30 676 | 33 970 | 42 695 | 39 224 | |
| Производи класирани според материјалот | 63 667 | 73 517 | 92 622 | 107 226 | 99 879 | |
| Машини и транспортни уреди | 8 002 | 8 040 | 8 897 | 10 306 | 13 517 | |
| Разни готови производи | 10 096 | 9 958 | 10 053 | 13 146 | 13 206 | |
| Стоки и трансакции некласирани на друго место во СМТК | 26 | 246 | 926 | 25 | 16 | |

Извор: State statistical office of the Republic of Macedonia, Commodity international exchange of the Republic of Macedonia [Online]. Available from: http://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5ef

Како што може да се забележи од табелата, доминантно учество во структурата на извозот од Република Северна Македонија во Република Србија имаат категориите: производи класирани според материјалот (што се должи на зголемениот извоз на плоснато-валани производи од железо или нелегиран челик како и други заварени цевки што не се со кружен попречен пресек), храна и живи животни (што се должи на зголемениот извоз на земјоделски и прехрамбени производи), пијалоци и тутун (што се должи на зголемениот извоз на цигари, вода минерална и газирана како и вино од свежо грозје) како и категоријата хемиски производи (што се должи на зголемениот извоз на лекови).
Увозот, пак во Република Северна Македонија од Република Србија за периодот 2009-2019 година, расчленет по категории на производи во апсолутни износи, е прикажан во табела 3:

***Табела 3. Увоз во Република Северна Македонија од Република Србија (во илјади долари)***

| **Производи** | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Храна и живи животни | 111913 | 131989 | 137562 | 131230 | 124435 | 143605 |
| Пијалаци и тутун | 19209 | 19650 | 24507 | 23625 | 26036 | 31078 |
| Суровини (кои не се храна) освен гориво | 28201 | 34164 | 38513 | 29220 | 20425 | 27973 |
| Минерални горива, мазива и сродни производи | 33588 | 38020 | 59860 | 94056 | 109293 | 159192 |
| Животински растителни масла, масти и восоци | 12120 | 10046 | 15846 | 18839 | 18787 | 12298 |
| Хемиски и сродни производи | 43428 | 49468 | 60619 | 52681 | 64663 | 58587 |
| Производи класирани според материјалот | 85787 | 81504 | 100616 | 78088 | 96098 | 108446 |
| Машини и транспортни уреди | 33142 | 24959 | 28913 | 25754 | 30128 | 26768 |
| Разни готови производи | 29993 | 28981 | 31307 | 28833 | 32620 | 30651 |
| Стоки и трансакции некласирани на друго место во СМТК | 613 | 662 | 407 | 393 | 300 | 414 |
| **Производи** | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | |
| Храна и живи животни | 132170 | 123096 | 135591 | 158 347 | 151 345 | |
| Пијалаци и тутун | 23845 | 24473 | 29971 | 37 148 | 38 291 | |
| Суровини (кои не се храна) освен гориво | 18164 | 20750 | 33666 | 28 968 | 36 784 | |
| Минерални горива, мазива и сродни производи | 104686 | 83687 | 93415 | 91 560 | 111 811 | |
| Животински растителни масла, масти и восоци | 11222 | 18721 | 22925 | 19 073 | 20 027 | |
| Хемиски и сродни производи | 49003 | 48267 | 50415 | 54 592 | 52 435 | |
| Производи класирани според материјалот | 102673 | 135505 | 129770 | 137 892 | 134 393 | |
| Машини и транспортни уреди | 22653 | 29016 | 24405 | 45 726 | 93 547 | |
| Разни готови производи | 28916 | 31633 | 32909 | 38 794 | 38 913 | |
| Стоки и трансакции некласирани на друго место во СМТК | 491 | 611 | 1030 | 272 | 613 | |

Извор: State statistical office of the Republic of Macedonia, Commodity international exchange of the Republic of Macedonia [Online]. Available from: http://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5ef

Согласно податоците од Државниот завод за статистика презентирани во оваа табела, Република Северна Македонија од Република Србија најмногу увезува пченица и брашно од пченица (класифицирани во категоријата храна и живи животни), производи од железо и челик (класифицирани во категоријата производи класирани според материјалот) како и електрична енергија (класифицирана во категоријата минерални горива, мазива и сродни производи).

## 3. КОМПАРАТИВНА ПРЕДНОСТ ВО ТРГОВСКАТА РАЗМЕНА МЕЃУ РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И РЕПУБЛИКА СРБИЈА

Заради утврдување на категориите на производи со компаративна предност во трговијата меѓу Република Северна Македонија и Република Србија, е применета формулата на Balassa (1965)[18], при што Балаша индексот е пресметан како однос меѓу учеството на одреден производ во извозот на земјата во друга земја, со учеството на тој производ во вкупниот извоз на земјата, со користење на Стандардната меѓународна трговска класификација т.е.:

$$BI = \frac{x_{ij}^{k} / X_{ij}}{x^{k} / X_{j}}$$

каде:

$x_{ij}^{k}$ - извоз од земјата $i$ во земјата $j$ на производот $k$

$X_{ij}$ - вкупен извоз од земјата $i$ во земјата $j$

$x^{k}$ - вкупен извоз на производот $k$

$X_{i}$ - вкупен извоз од земјата $i$

Резултатите од пресметката со примена на Балаша индексот се прикажани во табела 4:

***Табела 4. Компаративна предност во трговската размена меѓу Република Северна Македонија и Република Србија***

| **Производи** | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Храна и живи животни | 2.11 | 2.85 | 3.13 | 3.26 | 3.31 | 3.24 |
| Пијалаци и тутун | 1.30 | 2.02 | 2.01 | 1.59 | 1.73 | 2.51 |
| Суровини (кои не се храна) освен гориво | 0.20 | 0.26 | 0.39 | 0.32 | 0.43 | 0.50 |
| Минерални горива, мазива и сродни производи | 1.92 | 0.33 | 0.94 | 0.72 | 1.09 | 2.21 |
| Животински растителни масла, масти и восоци | 0.86 | 0.17 | 0.54 | 0.65 | 0.57 | 3.66 |
| Хемиски и сродни производи | 2.09 | 0.99 | 0.61 | 0.71 | 0.64 | 0.56 |
| Производи класирани според материјалот | 1.01 | 1.22 | 1.26 | 1.45 | 1.50 | 1.77 |
| Машини и транспортни уреди | 1.14 | 0.82 | 0.62 | 0.32 | 0.30 | 0.19 |
| Разни готови производи | 0.14 | 0.14 | 0.15 | 0.17 | 0.15 | 0.29 |
| Стоки и трансакции некласирани на друго место во СМТК | 0.42 | 0.19 | 0.30 | 0.97 | 1.48 | 1.99 |
| **Производи** | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | |
| Храна и живи животни | 3.61 | 3.13 | 3.23 | 3.60 | 3.58 | |
| Пијалаци и тутун | 2.73 | 2.53 | 2.16 | 2.72 | 1.87 | |
| Суровини (кои не се храна) освен гориво | 0.59 | 0.55 | 0.43 | 0.37 | 0.38 | |

[18] Balassa. B, *Trade liberalization and revealed comparative advantage*. The Manchester School of Economic and Social Studies, (1965).

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Минерални горива, мазива и сродни производи | 2.62 | 3.02 | 6.89 | 3.94 | 5.58 | |
| Животински растителни масла, масти и восоци | 7.88 | 10.41 | 0.43 | 1.12 | 0.43 | |
| Хемиски и сродни производи | 0.60 | 0.60 | 0.57 | 0.64 | 0.58 | |
| Производи класирани според материјалот | 1.75 | 2.40 | 2.76 | 2.76 | 2.71 | |
| Машини и транспортни уреди | 0.16 | 0.13 | 0.12 | 0.12 | 0.15 | |
| Разни готови производи | 0.28 | 0.28 | 0.26 | 0.34 | 0.37 | |
| Стоки и трансакции некласирани на друго место во СМТК | 0.45 | 1.22 | 4.29 | 0.10 | 0.06 | |

Извор: Пресметка на авторите.

Во периодот од 2009 до 2019 година, Република Македонија има континуирана и релативно висока компаративна предност во размената со Република Србија во категориите храна и живи животни, пијалоци и тутун како и производи класирани според материјалот, која компаративна предност се потврдува преку зголемениот извоз на производи од железо и челик, земјоделски и прехрамбени производи како и вино од свежо грозје.

## 4. ЗАКЛУЧОК

Република Србија е најголем трговски партнер на Македонија од сите земји во регионот на Западен Балкан, каде се извезува околу 5% од целиот македонски извоз. Емпириските анализи укажуваат на континуиран трговски дефицит на македонска страна во трговската размена со Република Србија. Набљудувано во целина, последните години трговската размена на Македонија со Србија има нагорен тренд. Изразени во апсолутни големини, извозот и увозот растат. Но, учеството на Србија во вкупната надворешно-трговска размена на Македонија и поодделно во извозот и увозот, сепак се на скромно ниво. Во анализираниот временски период (2009-2019), Република Северна Македонија има изразена компаративна предност во трговската размена со Република Србија во неколку сектори и тоа: храна и живи животни, пијалоци и тутун како и производи класирани според материјалот. Пресметаната компаративна предност на македонските производи на српскиот пазар е уште еден доказ дека постои голема можност за соработка, посебно во металниот, хемискиот и земјоделскиот сектор.

## ЛИТЕРАТУРА

Bella, B. ( 1965). Trade liberalization and revealed comparative advantage, The Manchester School of Economic and Social Studies, vol.33, pp. 99-123

Ballance, R. H., Forstner, H., & Murray, T. (1987). Consistency tests of alternative measures of comparative advantage. Review of Economics & Statistics, vol.69, pp.157-161

Harry, B. (1983). On the theoretical interpretation of indices of trade intensity and revealed comparative advantage, Review of World Economics, vol.119, pp. 464-472

CEFTA: https://cefta.int/trade-info-centre/statistics/

Laursen, K. (2015). Revealed comparative advantage and the alternatives as measures of international specialization. Eurasian Bus Rev. 5(1), pp.99-115.

Mojsovska, S. (2015). Trade and development in CEFTA Parties: Policy issues and challenges' paper presented at the conference "CEFTA WEEK 2015" organized by CEFTA, 23-26 November, Moldova.

State statistical office of the Republic of Macedonia, Commodity international exchange of the Republic of Macedonia [Online]. Available from: http: http://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5ef

Statistical office of the Republic of Serbia. [Online]. Available from:http://webrzs.stat.gov.rs/ WebSite/public/ReportView.aspx

Stojanovic, Z., Dragutinovic Mitrovic, R. & Popovic Petrovic, I. (2012). Serbia's food trade competitiveness and PTAS in the EU integration process. 135 EAAE Seminar Challenges for the Global Agricultural Trade Regime after Doha.

Widodo, T. (2009). Comparative Advantage: theory, empirical measures and case studies. Review of Economic and Business Studies. 4, pp. 57-82.

http://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__NadvoresnaTrgovija__DetalniPod__DetKumSMTK/150_SMTK_ZEMJI_ml.px/table/tableViewLayout2/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5ef
http://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?rbrtxt=78